**20261281844**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација донесе

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА СУШТИНСКИТЕ И ВАЖНИТЕ СУБЈЕКТИ КОИ ВРЗ ОСНОВА НА ЗАКОН ИЛИ НАПРАВЕНА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК СЕ УТВРДЕНИ КАКО СУШТИНСКИ СУБЈЕКТИ

Член 1

Со оваа методологија се пропишува проценка на ризик заради утврдување на суштинските и важните субјекти кои врз основа на закон или направена проценка на ризик се утврдени како суштински субјекти.

Член 2

(1) Проценката на ризик за утврдување на суштинските и важните субјекти се спроведува врз основа на проценка дали:

- субјектот е единствен давател на услуги;
- субјектот е од значење за јавната безбедност, јавната заштита или јавното здравје;
- ризикот кој се јавува е системски и дали истиот има прекугранично влијание и
- субјектот има специфично национално значење.

(2) Проценката од ставот (1) на овој член, се спроведува со доделување на определен број на поени во зависност од проценетиот ризик, при што најмалиот износ на поени изнесува 1, а највисокиот износ изнесува 5 поени.

(3) Доделувањето на поголемиот број на поени при проценката од ставот (1) на овој член, значи поголем ризик.

(4) Суштинските субјекти поради својот статус се институциите од јавниот сектор.

Член 3

(1) Проценката дали субјектот е „единствен давател на услуги“ се врши со проверка дали субјектот во државата има други субјекти кои ја даваат истата услуга и колкав е бројот на тие даватели на услуга.

(2) Проценката од ставот (1) на овој член, се врши со бодување на следниот начин:

- 1 - 2 поени – на пазарот има многу субјекти кои ја даваат услугата, со што нарушувањето на неговата работа не би имало влијание на национално ниво.
- 3 поени - субјектот е еден од шест до десет даватели на услуги достапни на пазарот на услуги и прекинот во неговото работење може да предизвика значителни проблеми или привремени локализирани прекини на испораката на услугата пред да се воспостави алтернатива.
- 4 поени - субјектот е еден до пет даватели на услуги достапни на пазарот на услуги, а е важен за поголем дел од државата. Прекинот би предизвикал голем, но не целосен прекин на услугата во тој регион.
- 5 поени - субјектот е единствениот давател на услуга која е важна за државата, а секое нарушување на услугата ќе предизвика проблем на национално ниво.

(3) Суштинските субјекти се оние кои при проценката согласно ставот (2) на овој член, ќе добијат 5 поени, додека важни се оние субјекти кои ќе добијат 4 поени.

Член 4

(1) Проценката дали „Субјектот е од значење за јавната безбедност, јавната заштита или јавното здравје" се врши со проверка на директните и индиректните последици од прекин на услугата врз јавната безбедност, јавната заштита или јавното здравје.

(2) Проценката од ставот (1) на овој член, се врши со бодување на следниот начин:

- 1 - 2 поени – прекинот на испораката на услугата која ја испорачува субјектот би предизвикало минимални последици, односно нарушувања на јавната безбедност, јавната заштита, или јавното здравје.

- 3 поени - прекинот на испораката на услугата која ја испорачува субјектот би имал влијание на јавната безбедност, јавната заштита или јавното здравје, барајќи координиран институционален одговор без потреба од ангажирање на големи ресурси.

- 4 поени - прекинот на испораката на услугата која ја испорачува субјектот би претставувало значителна закана за јавната безбедност, јавната заштита или јавното здравје, барајќи координиран институционален одговор со ангажирање на дополнителни ресурси.

- 5 поени - прекинот на испораката на услугата која ја испорачува субјектот би претставувало непосредна, широко распространета и директна закана за јавната безбедност, јавната заштита или јавното здравје.

(3) Суштинските субјекти се оние кои при проценката согласно ставот (2) на овој член, ќе добијат 5 поени, додека важните се оние субјекти кои ќе добијат 4 поени.

Член 5

(1) Проценката дали прекинот во испораката на услугата би предизвикало „ризик кој се јавува е системски и истиот има прекугранично влијание" се врши со проверка на можност нарушувањето на услугата да предизвика системски нарушувања и последици што се протегаат надвор од националните граници.

(2) Проценката од ставот (1) на овој член, се врши со бодување на следниот начин:

- 1 - 2 поени – прекинот во испораката на услугата на субјектот е во голема мера изолирана. Нарушувањето би било ограничено и не би предизвикало системски ризик ниту ќе има прекугранично влијание.

- 3 поени – прекинот во испораката на услугата на субјектот може да предизвика умерен системски ризик во непосредниот сектор или мал прекуграничен ефект врз специфична, меѓузависна услуга.

- 4 поени - прекинот во испораката на услугата на субјектот би предизвикало значителен системски ризик, што би довело до широко распространети нарушувања во сопствениот сектор и умерено до високо влијание врз други клучни национални сектори или дефинитивно прекугранично влијание.

- 5 поени - прекинот во испораката на услугата на субјектот би предизвикало значителен системски ризик, предизвикувајќи широко распространети дефекти кои се пренесуваат во повеќе критични сектори, на национално или на меѓународно ниво.

(3) Суштинските субјекти се оние кои при проценката согласно ставот (2) на овој член, ќе добијат 5 поени, додека важните се оние субјекти кои ќе добијат 4 поени.

Член 6

(1) Проценката на „специфичното национално значење“ на услугата која ја испорачува субјектот се врши со проверка на улогата на услугата на субјектот во одреден сектор или на национално ниво, без оглед дали истиот е единствен провајдер или не.

(2) Проценката од ставот (1) на овој член, се врши со бодување на следниот начин:

- 1 - 2 поени – субјектот не е главен давател на услугата во својата дејност и неговото нарушување би имало занемарливо влијание врз вкупната функционалност на дејноста.

- 3 поени - субјектот е давател на услугата во својата дејност на локално или регионално ниво, а неговото нарушување би било почувствувано на определен дел од територијата на државата, но нема да ја наруши дејноста на целата територија на државата.

- 4 поени - субјектот е клучен давател чијшто услуги се суштински за голем дел од дејноста и проблемите во неговото работење сериозно би ја нарушиле функционалноста на дејноста на национално ниво.

- 5 поени - субјектот е основен за својата дејност и е клучен на национално или регионално ниво за својата конкретна услуга или за други меѓузависни дејности.

(3) Суштинските субјекти се оние кои при проценката согласно ставот (2) на овој член, ќе добијат 5 поени, додека важните се оние субјекти кои ќе добијат 4 поени.

Член 7

(1) Од страна на надлежниот орган се спроведува проценката на ризикот за идентификација и класификација на субјектите.

(2) Овој процес вклучува почетна класификација, континуирано следење и ажурирања како што се менуваат околностите.

(3) Од страна на надлежниот орган се воспоставува и води електронска листа на суштинските и важните субјекти.

(4) За спроведување на проценката, од страна на надлежниот орган се собираат потребни податоци и информации на следниот начин:

- писмени барања на податоци и информации;
- надзор  кај конкретен субјект;
- извештаи за претходни инциденти и
- јавно достапни информации.

Член 8

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-1351/1
9 јуни 2026 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски**, с.р.